**2011018417**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ, НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ „ГЛАВЕН ТРАНСПОРТЕН СИСТЕМ ОД ПК БРОД ГНЕОТИНО ДО СУВОДОЛ – ЛОТ 3“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ДОЈЧЕ БАНКА И АД ЕЛЕМ

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем, наменет за финансирање на проектот „Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол – ЛОТ 3“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 февруари 2011 година.

Бр. 07-851/1
10 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ, НАМЕНЕТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ “ГЛАВЕН ТРАНСПОРТЕН СИСТЕМ ОД ПК БРОД ГНЕОТИНО ДО СУВОДОЛ - ЛОТ 3“, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ДОЈЧЕ БАНКА И АД ЕЛЕМ

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем наменет за проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ во износ од 16.000.000 евра, во рокови и услови предвидени во Договорот за заем, доколку АД ЕЛЕМ не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Дојче банка и АД ЕЛЕМ за проектот “Главен транспортен систем од ПК Брод Гнеотино до Суводол - ЛОТ 3“.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 на овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе го врши АД ЕЛЕМ од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 4

Заемот од Договорот од членот 1 на овој закон ќе се отплаќа во 17 еднакви полугодишни рати. Првата отплата треба да започне шест месеци по започнувањето на активностите на проектот, но не подоцна од 27 февруари 2012 година.

Каматна стапка е варијабилна каматна стапка ЕУРИБОР плус 1,55% годишно.

Член 5

Во рок од 30 дена од датумот на склучувањето на Договорот за заем од членот 1 на овој закон на средствата од заемот ќе се плати еднократна провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

На износот на неповлечените средства од заемот на годишно ниво се плаќа провизија на Дојче банка во износ од 0,625% од износот на заемот.

Провизијата од ставот 2 на овој член се плаќа квартално од датумот на склучувањето на Договорот за заем.

На обврските поврзани со отплатата на заемот од членот 1 на овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови ќе се плаќа казнена камата во висина на каматната стапка зголемена за 2% годишно.

На останатите обврските поврзани со заемот од членот 1 на овој закон кои нема да се платат во предвидените рокови ќе се плаќа надоместок на штета во висина на каматната стапка зголемена за 2% годишно.

Член 6

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Договорот за гаранција Министерството за финансии и АД ЕЛЕМ ќе склучат посебен договор.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.